14354

pres-kliping • press-clipping

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
СКОПЈЕ
30. 01. 70

### Борис Петковски, директор на Музејот на современата уметност во Скопје:

# МСУ НЕМА ДА БИДЕ НИЧИЈ СЕРВИС

**■ НА ВЧЕРАШНАТА СРЕДБА СО НОВИНАРИТЕ ГОВОРЕА ЉУПКА ДАМЈАНОВСКА, БОРИС ПЕТКОВСКИ, ДРАГАН ПЕНУШЛИСКИ, НИКО ТОЗИ И СЛОБОДАН МИЦКОВИЌ**

**Вчера во просториите на Музејот на современата уметност во Скопје, Работната заедница на овој Музеј одржа состанок со претставниците на печатот, радиото, телевизијата и други општествени и културни работници.**

**Поводот за одржувањето на овој состанок е најдобро содржан во писмото на Музејот упатено како покана за состанокот, во кое, меѓу другото, се вели:**

**„Работната заедница на Музејот на современата уметност во Скопје е длабоко револтирана поради честите напади во нашиот печат врз дејноста на Музејот на полето на ликовната уметност во Македонија, а особено после последниот напис отпечатен во весникот „Вечер“ на 28 јануари 1971 на неговата насловна страна. Начинот на кој се експонирани заклучоците од Пленумот на Друштвото на ликовните уметници на Македонија претставува тешка навреда и директно обвинување како за директорот, така и за целата наша институција ...“**

Вчерашниот состанок го отвори **Љупка Дамјановска**, кустос и претседател на Работната заедница на Музејот, која ја истакна едностраноста на печатот и на начинот на пласирањето на известувањата.

Потоа зборуваше директорот на Музејот на современата уметност во Скопје, **Борис Петковски**, кој во подолго излагање со грижливо подредена документација зборуваше за досегашните успеси на Музејот на современата уметност, при што нагласи дека тој, како директор, и Музејот, како институција, во изминатиот период за подемот и афирмацијата на современата македонска ликовна уметност во земјата и странство придонеле повеќе отколку што заедницата барала од нив.

Во врска за известувањето на печатот за Пленумот на ДЛУМ, Борис Петковски истакна дека **или во записникот од Пленумот не е нешто в ред, или пак во средствата за јавно информирање неточно се интерпретираат настаните.** Борис Петковски особено е револтиран од тоа што печатот не нашол за потребно да ја изнесе и неговата дискусија на Пленумот на ДЛУМ.

Во врска со поставеноста на МСУ кон другите институции, здруженија и организации, Борис Петковски истакна дека Музејот не може и нема да биде сервис на ниедна сталешка организација.

Потоа во дискусијата учествуваше **Драган Пенушлиски,** кој истакна дека е **мошне добро што едно здружение, во конкретниов случај ДЛУМ, па било и со една третина од членството, покренува дискусија за проблемите во ликовниот живот кај нас**. Тој рече дека атаката на ДЛУМ врз МСУ е, всушност, атака врз директорот Борис Петковски, и дека тоа најдобро се гледа во заклучоците на Комисијата и во начинот како се тие изнесени преку „Вечер“.

Во дискусијата учествуваше и **Нико Този.** Тој ги истакна големите заслуги на Борис Петковски и Музејот за афирмацијата на современата македонска ликовна уметност. Нико Този го истакна и тоа дека е мошне тешко да се дискутира и полемизира за ликовните проблеми кај нас и дека многумина што пишувале за овие проблеми, набргу самоволно се откажувале од понатамошното пишување.

**Слободан Мицковиќ** за директорот Борис Петковски и Музејот рече дека тие придонеле многу повеќе во афирмацијата на македонската ликовна уметност отколку што тоа се барало од нив.

**Т. Ширилов**